**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03- 478**
**14.11 2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), а во врска со член 12 став 1 и член 27 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14) и Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-5602/1 од 12.11.2014 година, поради неисполнување во целост на обврската за објавување на податоци согласно член 12 став 1 од Законот за медиуми од страна на Друштвото за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДООЕЛ Скопје, издавач на печатен медиум - неделниот весник „Република", Директорот на Агенцијата на ден 14.11.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Друштвото за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДООЕЛ Скопје, издавач на печатен медиум - неделниот весник „Република", заради извршена повреда на член 12 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), односно поради тоа што во печатениот медиум – неделниот весник „Република" не ја исполни во целост обврската од член 12 став 1 од истиот Закон, на начин што не ги објави податоците за бројот на печатени примероци.

   Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по вид на надзор, субјект на надзор - издавач на медиум, издание – број и датум на негово издавање и констатации од извршениот административен надзор) во Писмениот извештај, бр.03-5602/1 од 12.11.2014 година, за извршен административен надзор на работењето на Друштво за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДООЕЛ Скопје, издавач на печатен медиум - неделниот весник „Република", кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Друштвото за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДООЕЛ Скопје, издавач на печатен медиум - неделниот весник „Република", во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно.
   Тужбата не го одлага извршувањето на Решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14) и член 27 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на

усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 7, 12 и 13 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 27 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми

Во согласност со член 23, став 1, алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки против издавач на медиуми согласно со овој Закон.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за истражување и долгорочен развој, изврши вонреден административен надзор кај субјектот на надзорот: Друштвото за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДООЕЛ Скопје, издавач на печатен медиум - неделниот весник „Република“ - издание бр.114 од 07.11.2014 година, од аспект на исполнувањето на обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми, согласно кој издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (примерок од печатен медиум) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци.

При извршениот административен надзор, констатирано е дека Друштвото за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДООЕЛ Скопје, издавач на печатениот медиум – неделниот весник „Република“, во изданието бр.114 од 07.11.2014 година не ја исполни во целост обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми односно не ги објави податоците за бројот на печатени примероци.

Повредата од точка 1 од оваа Одлука, специфицирана е (по вид на надзор, субјект на надзор - издавач на медиум, издание – број и датум на негово издавање и констатации од извршениот административен надзор) во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-5602/1 од 12.11.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Друштво за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДООЕЛ Скопје, издавач на печатен медиум – неделниот весник „Република„ не ја исполни во целост законската обврска од член 12 став 1 од Законот за медиуми и покрај тоа што од страна на Агенцијата на 24.10.2014 година, му е упатен допис (наш.бр. 03-4909/1), со кој е побарано во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да ја исполни во целост обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми. Приемот на овој допис, на 24.10.2014 година е потврден од страна на издавачот на печатен медиум со потпис во доставната книга на Агенцијата.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеји 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 12 став 1 и член 27 од Законот за медиуми и Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-5602/1 од 12.11.2014 година, поради неисполнување во целост на обврската за објавување на податоци согласно член 12 став 1 од Законот за медиуми, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Друштво за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДООЕЛ Скопје, издавач на печатен медиум - неделниот весник „Република“ се презема мерка – опомена и му се наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се

утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**Д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение издавачот на печатен медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**
Писмен извештај за извршен административен надзор, бр.03-5602/1 од 12.11.2014 година

**Доставено до:**
- Друштво за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДООЕЛ Скопје, издавач на печатен медиум - неделниот весник „Република";
- Управителот на Друштво за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДООЕЛ Скопје, издавач на печатен медиум - неделниот весник „Република";
- Секторот за правни работи;
- Секторот за истражување и долгорочен развој;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бул „ВМРО" бр.3, 1000 Скопје**
**Тел: +389 23 103 400 Факс: +389 23 103 401**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 12.11.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 5602 | 1 | |

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) се доставува:

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. Административниот надзор се врши на работењето на:

   ☑ Издавач на печатен медиум ☐ Телевизија ☐ Радио

2. Административниот надзор се врши како: ☐ Редовен ☐ Контролен ☑ Вонреден

3. Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр184/13 и 13/14) според кој издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум) да обезбеди објавување на следниве податоци:
   - назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,
   - име на одговорното лице на издавачот на медиум,
   - име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и
   - назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци.

4. Субјект на надзорот: Друштво за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДООЕЛ Скопје, издавач на неделниот весник „Република" (издание бр.114 од 07.11.2014 година)

5. Констатации од извршениот административен надзор: издавачот на печатениот медиум "Република", во изданието бр.114 од 07.11.2014 година само делумно ја исполни обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр184/13 и 13/14), односно не ги објави податоците за:

   - бројот на печатени примероци.

6. Други упатени дописи: На 08.10.2014 година, упатен е допис (наш.бр.03-4909/1) со кој е побарано од издавачот на печатени медиуми Друштво за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДООЕЛ Скопје, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да ја исполни во целост обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми. Во Агенцијата не беше доставена повратница од Македонска пошта дека

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

дописот е уредно примен, па затоа на 24.10.2014 година, дописот беше доставен лично кај издавачот на печатен медиум. Приемот е потврден во доставната книга за пошта на Агенцијата.

Податоци за вработеното лице кое го врши административниот надзор

Изработила: м-р Магдалена Давидовска-Довлева
Работно место: Раководител на Секторот за истражување и долгорочен развој
Краток потпис ______

Одобрила: м-р Магдалена Давидовска-Довлева
Работно место: Раководител на Секторот за истражување и долгорочен развој
Краток потпис ______

7. Претходно изречена мерка

☑ Нема

8. Предлог-мерка

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 12 став 1, а во врска со член 27 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14), согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се дава следната предлог мерка:

☑ да се преземе мерка – опомена

**Податоци за вработеното лице кое ја дава предлог-мерката**

Изработила: м-р Тања Пачоска.
Работно место: Соработник во Секторот за правни работи
Краток потпис ______

Одобрила: Цветанка Митревска
Работно место: Раководител на Секторот за правни работи
Краток потпис ______